Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 96, 15 февруари 2013 година

февруари 2013 година
Штип

## СОДРЖИНА

**РЕЦЕНЗИЈА** за трудот „Основи на финансии“ од проф. д-р Ристо Фотов, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 3

**РЕЦЕНЗИЈА** за ракописот „Германско-македонски разговорник“ (практикум за предметот Германски јазик) од д-р Билјана Ивановска, Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 7

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за учебно помагало „Практикум за музичко образование и воспитание со методика - за студентите од Одделенска настава и Предучилишно воспитување“ од м-р Ангеле Михјаловски и м-р Ленче Насев, Факултет за музичка уметност, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 9

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за учебно помагало/скрипта „Методика на наставата по музичко воспитување и образование“ за Одделенска настава од м-р Ангеле Михјаловски и м-р Ленче Насев, Факултет за музичка уметност, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 11

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за учебно помагало/скрипта „Деловна комуникација“ од проф. д-р Еленица Софијанова, проф. д-р Маргарита Матлиевска и м-р Тамара Јованов-Марјанова, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 13

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за учебно помагало/скрипта „Вовед во теорија на аудиопродукција“ од асс. м-р Христо Стојаноски и проф. м-р Антонијо Китановски од Факултет за музичка уметност, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 16

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Водич низ пијанистичките техники“ од авторите асс. м-р Христо Стојаноски и проф. м-р Татјана Џорлева од Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 18

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот скрипта „Просторно планирање“ од д-р Никола В. Димитров, доцент на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 20

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за учебно помагало/скрипта „Техника и практични вежби за инструментот џез тапани” од доцент м-р Александар Секуловски, Факултет за музичка уметност, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 22

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за скрипта „Интегрално производство на индустриски и фуражни култури“ од авторот доц. д-р Мите Илиевски, Земјоделски факултет, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 24

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........ 26

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

## Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ СКРИПТА „ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ“ ОД Д-Р НИКОЛА В. ДИМИТРОВ, ДОЦЕНТ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Врз основа на доставениот материјал за оценка на ракописот под наслов „**Просторно планирање**“ од авторот д-р Никола В. Димитров, доцент на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, Рецензентската комисија во состав:

– **проф. д-р Благоја Маркоски**, Институт за географија, Природно-математички факултет при Униveризитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје,
– **проф. д-р Јован Јованов**, Градежен факултет, при Униveризитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје,

го поднесоа следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Рецензентската комисија го разгледа доставениот ракопис за издавање на скрипта „**Просторно планирање**“, при што го констатираа следното.

Наставниот предмет Просторно планирање се слуша на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, во I и III семестар на насоките: Туризам и бизнис логитика, како изборен предмет, со 4 кредити и фонд на часови од 2+1+1.

Ракописот за учебното помагало – скирипта има вкупно 222 страници поделени во следните целини: содржина, преговор, општ дел, посебен дел и користена литература. Покрај текстот, скриптата е збогатена со 15 табели, 24 карти, 10 графикони, 20 ортокарти и 20 фотографии.

Општиот дел опфаќа 127 страници и е поделен во седум глави, и тоа: глава прва – Простор; глава втора - Просторна економија; глава трета - Просторно планирање; глава четврта - Просторно планирање и индустријализација; глава петта - Просторно планирање и урбанизација; глава шеста - Просторно планирање и регионализација и глава седма – Просторно планирање, екологија и одржлив развој.

Посебенот дел опфаќа 92 страници, поделени во четири глави: глава прва - Просторот и туризмот; глава втора - Просторно планирање и туризмот; глава трета - Планирање на туристички центри и региони и глава четврта – Планирање на туристички одржлив развој.

Авторот, на крајот од ракописот на четири страници два преглед на Користена литература од 73 библиографски единици.

Според изнесеното во стручен текстуален и графички поглед ракописот претставува квалитетна основа преку која студентите се здобиваат со доволен квантум на научни и стручни информации за просторното планирање.

Врз основа на напред изнесеното, можеме слободно да констатираме дека приложениот ракопис по наставниот предметот Просторно планирање во целост ги задоволува барањата за публикување во скрипта.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Од досега изнесеното, Комисијата во состав проф. д-р Благоја Маркоски и проф. д-р Јован Јованов констатира дека ракописот „**Просторно планирање**“, поднесен од авторот **д-р Никола В. Димитров**, доцент на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, пишуван е наменски и според одредена наставна програма.

Авторот успеал добро да ја претстави оваа комплексна проблематика на просторното планирање и на разбирлив начин да ја приспособи за потребите на студентите за кои е наменета. Материјалот е добро концепиран, а приложените графички прилози имаат лесна координација и опфат.

На крајот, Комисијата има посебна чест и задоволство, да даде предлог ракописот за наставниот предмет Просторно планирање од авторот **д-р Никола В. Димитров** да биде издаден како високошколско учебно помагало – **скрипта** и истата да може да биде публикувана и како печатено и како електронско издание, така што ќе може да се користи и преку е-библиотеката на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Благоја Маркоски, с.р.**
**Проф. д-р Јован Јованов, с.р.**